Име, презиме и паралелка

Прочитај го извадокот и одговори на поставените прашања.

„О ПИСМЕНЕХ (ЗА БУКВИТЕ)“ ЦРНОРИЗЕЦ ХРАБАР

. . . . . . . . . . . . . . . . . . . . .

Има пак некои што зборуваат: ,,Зошто е словенската азбука?
Ниту Бог ја створил ниту ангелите, ниту се отпрвин створени (буквите) и примени од Бога како што се еврејските, римските и грчките?“А трети мислат дека сам Бог ги создал буквите.
А не знаат кутрите, што зборуваат дека на три јазика Бог наредил да се пишуваат книги, како што пишува во евангелието: ,,И имаше штица напишана на еврејски, римски и грчки”.
А словенски таму немаше, та заради тоа словенските букви не се букви од Бога. На тоа што да кажеме и што да им речеме на такви безумни? Да им кажеме како што сме научиле од светото писмо, и дека сѐ по ред и си иде од Бога, а не од друг некој. Не го создал Бог прво еврејскиот јазик, ниту римскиот, ниту грчкиот, туку сирискиот, на којшто зборувал Адам, и од Адама до потопот кога Бог ги разделил јазиците при вавилонската кула (столпотворение): ,,Размешани беа јазиците”. И како што се размешаа јазиците и наравите и обичаите, наредбите и законите и искуствата (науките): на Египќаните - геометријата, на Персијанците, Халдеите и Асирците - астрономијата, гатањето, врачањето, маѓепсувањето и секаква човечка вештина; на Евреите, пак, светите книги, а во нив е пишано дека Бог го создаде небото и земјата и сѐ на неа и се по ред како што пишува; а на Грците - граматиката, реториката и филозофијата.

1. Според времето на создавањето ,,О писменех” припаѓа на:

А. средновековната литература.
Б. литературата на XIX век.
В. литературата меѓу двете светски војни.

2. Каков вид творба е ова дело?

А. Хагиографија. Б. Трактат. В. Пофално слово.

3. Композицијата на извадокот е во форма на:

А. нарација. Б. монолог. В. дијалог.

4. Кој јазик, според Светото писмо, Бог го создал прв?

А. Еврејскиот. Б. Грчкиот. В. Сирискиот.

5. Определи кое изразно средство е употребено во извадокот:

,,Зошто е словенската азбука? Ниту Бог ја створил ниту ангелите, ниту се отпрвин створени (буквите) и примени од Бога како што се еврејските, римските и грчките?“
Да им кажеме како што сме научиле од Светото писмо, и дека сѐ по ред и си иде од Бога, а не од друг некој.

А. Реторско прашање. Б. Антитеза. В. Симбол.